# Вовед во еластичност

1. Присуството на наставата (предавања и вежби) е статутарна обврска на секој студент која директно не се оценува.
2. Во текот на семестарот, индивидуално, се изработуваат 6 нумерички и графички задачи (домашни задачи). Задачите се задаваат на вежбите, а се предаваат пред почетокот на вежбите во следната недела. Студентот кој ќе закасни со предавање на домашната задача ќе добие 0 поени за истата. Сите домашни задачи носат ист број на поени, од 0 до 10. Максималниот можен број на поени, 6×10=60 поени, учествуваат со **20%** во формирањето на завршната оценка по предметот.
3. Во текот на семестарот се прават 3 тестови, сите со ист број на поени, од 0 до 10. Најслабо оценетиот тест се отфрла, така што во оценувањето се вклучени само 2-та најдобро оценети. Максималниот можен број на поени, 2x10=20, учествува со **40%** во формирањето на завршната оценка по предметот.
4. Услов за добивање потпис по предметот (услов за излегување на завршниот испит) е да се соберат најмалку **30%** според точките 2 и 3.
5. Писмениот се оценува со поени од 0 до 10 и учествува со **40%** во формирањето на завршната оценка по предметот.
6. Усмениот испит не е обврска, туку само дополнителна можност за добивање повисока завршна оценка. Оваа можност можат да ја искористат само оние студенти кои според точките 2, 3 и 5 веќе собрале барем 59% според табелата за оценување во точка 7. Усмениот испит може да учествува со 10% екстра во формирањето на завршната оценка по предметот.
7. Табела за добивање завршна оценка по предметот

| Оценка | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно поени | 59-68 | 68-77 | 77-85 | 85-93 | 93-100 |

Сите колоквиуми и завршниот испит содржат задачи и прашања од теоријата.

Нема да постои можност за дополнително извршување на неизвршените обврски (ненавремено предавање на домашната задача или непојавување на колоквиум и сл.).

Завршната оценка по предметот се пресметува на следниот начин:

**просек од домашни задачи × 2 + просек од тестови × 4 + завршен испит × 4 = вкупно поени**